РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-7535/2

02-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 99-та седница одржана на ден 30.01.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-7535/1 од 04.08.2023 година, поднесена од познат подносител против службени лица во ЈП ,,Национални шуми,,- Поддружница Осогово-Кочани, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што по истите наводи ДКСК постапил во предмет бр.12-9518/1 и на 90-тата седница ја има донесено одлуката бр.12-306/6.

Предметот со број 12-7535/1 од 04.08.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 04.08.2023 година од страна на познат подносител, доставена е пријава заведено под број 12-7535/1, против службени лица во ЈП,,Национални шуми,, Поддружница Осогово - Кочани, кои наводно ја злоупотребуваат службената должност остварувајќи профит и личен интерес.

Подносителот во пријавата наведува дека лицата: ----------------------- од с.-------------, ------------------, ---------------- сите вработени во ЈП ,,Национални шуми,,-поддружница ,,Осогово,, во Кочани, вршиле маркација на високостеблести шуми, иако што со закон можеле да вршат маркација само на ниско стеблести шуми.

При разгледувањето на предметната пријава, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што по истите наводи има постапено во друг предмет за кое што ја донел одлуката бр.12-306/6 на 90-тата седница одржана на 04.08.2023 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното, комисијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.Ј., советник

Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk